# ИГРИ ВО ПОЛИТИКА, ЕКОНОМИЈА, ВОЈНА: КОЛКУ СМЕ СЕРИОЗНИ?

*Невена Серафимова*
*Воена академија „Генерал Михаило Апостолски", Скопје*
e-mail: nevena.serafimova@gmail.com

Појавите на натпревар и соработка се дел од нашето секојдневие. Тие не се својствени само за луѓето: ги има меѓу животните, кај растенијата, може да ги откриеме и во неживиот свет – всушност, тие се насекаде. Сепак, комплексноста на човечкото битие и неговото однесување му обезбедиле посебен интерес од страна на една математичка теорија со загадочно име: теорија на игри. Од организирање на заедницата, безбедносни прашања, политичко ривалство, борба за ресурси и опстанок, па сè до секојдневното дружење, пазарење, планирање на слободното време – сите тие претставуваат збир од активности за кои неисцрпната математичка инспирација овозможила модели во форма на игра. Поимите на натпревар, конфликт, соработка, наведување, убедување на другите да го прифатат нашето гледиште или прифаќање на туѓото, формирање на сојузи, на верувања, добивање и губење, се дел од вообичаената меѓучовечка интеракција, но и дел од математичка теорија која се занимава со игрите. Впрочем, се чини дека човекот сиот свој живот го поминува – играјќи. Во овој текст, ќе размислуваме за некои примери од областа на политиката, економијата и војната низ призмата на математичкиот модел на игра.